**20160150485**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 108 став 10 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“, бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15 и 228/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.1.2016 година, донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 156/11, 45/12, 19/13 и 177/15), во член 15 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Подносителот на барањето за формирање на цена на лек на големо, за кој веќе има формирано цена на лекот на големо со различен број на пакувани дозирани единици на лекот, поднесува предлог цена на лекот која не може да биде повисока од максималната цена на тој лек и од формираната цена на тој лек, пресметана по број на пакувани дозирани единици на најблиското пакување на лекот.“

Член 2

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-918/1
26 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.